Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 28 декември 2017

# СООПШТЕНИЕ

## За сторија објавена на Плусинфо и Слободен Печат на 28 декември 2017

Фондот за здравствено осигурување на Македонија во врска со написот објавен на Плусинфо и Слободен Печат со наслов „Фондот за здравство сака две возила од по 60.000 евра?!“ ве информира за следново:

Во буџетот на Фондот за 2017 година, изгласан од претходниот состав на Управниот Одбор на Фондот, во ноември 2016, беа предвидени 4 милиони денари за набавка на нови возила за потребите на Фондот. Со ребалансот на буџетот за 2017 година, изгласан во ноември 2017 година, оваа ставка беше зголемена на 6 милиони денари.

Меѓутоа, со одлука на менаџментот, овие средства не беа искористени, односно не е распишана постапка за јавна набавка на моторни возила. Вишокот на средства кои беа остварени од Фондот за 2017 година, со соодветна одлука на Управниот Одбор се пренаменети за потребите на јавните здравствени установи.

Дополнително, не постои ставка за набавка на возила во буџетот на Фондот за 2018 година. Истото може секој да го провери, бидејќи е транспарентно објавено на сајтот на министерството за финансии, во прилог подолу линкот и страницата - 369 на која е објавена информацијата
http://www.finance.gov.mk/files/u6/BUDZET%202018%20%28sl.%20vesnik%29%20-%2022.12.2017.pdf